**20130982371**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 32 став 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012 и 16/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 20 мај 2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ И ЛЕКОВИТЕ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите („Службен весник на Република Македонија“ број 48/2001, 52/2001, 17/2005, 47/2005, 86/2007, 102/2007, 151/2007, 9/2009, 22/2009, 65/2010, 20/2012,26/2012 и 54/2012 ) во членот 4 став 2 се додава нова точка 5 која гласи:

„5. Хемодијализен третман согласно Упатството за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на лекувањето со дијализа .................. 1 денар.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1.1.2014 година.

Бр. 02–7619/2
3 јуни 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Ангел Митевски**, с.р.